SPARKASSE Bank

# ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА ПЛАТЕЖНА СМЕТКА И ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ ЗА ПРАВНИ ЛИЦА

## I Вовед - Општи одредби

Шпаркасе Банка АД Скопје, Седиште: Ул. Васил Иљоски бр. 14, 1000 Скопје,Матичен број: 4558669 (регистрирана во Централен Регистар на Република Северна Македонија), Даночен број: 4030993261735,Број на сметка: 250000000000111,Свифт адреса: INSBMK22, Веб-сајт: www.sparkasse.mk ,Е-пошта: contact@sparkasse.mk , Телефон за контакт: 02/ 15 050, (во натамошниот текст: "Банка" или "Давател на платежни услуги)
Платни системи во кои учествува Банката– КИБС, МИПС, Visa и Mastercard
Општи услови го дефинираат начинот на работење со платежни сметки и условите за вршење на платежни трансакции, како и правата и обврските на Банката, и правата и обврските на сопственикот на платежна сметка/корисник на платежни услуги.Во зависност од контексот на одредбите, правното лице се дефинира како сопственикот на платежна сметка / корисник на платежни услуги или клиент.
Општите правила и услови и претходните информации за обезбедување и користење на платежни услуги за корисник во Банка (во понатамошниот текст: Општи услови), се применуваат за

- отворање,водење и затворање на платежни сметки,
- условите и начинот на извршување на платежните услуги,
- рокот и евиденција на платежни трансакции,
- формирање и располагање со парични средства,
- известување на корисникот за промена и состојба на платежната сметка,
- пресметка на камата, пресметка и наплата на надоместоци за услуги на Банката,
- девизни курсеви кои се применуваат при услуга на валутна конверзија
- одговорност и заштитни мерки во врска со извршување на трансакции,
- издавање и користење на платни инструменти,
- обемот на информации кои се доставуваат на корисникот,
- начин и средства за комуникација,
- начин на остварување на заштита на права и интересите на корисникот,
- услови за измени и дополни, односно прекин на договорниот однос како и други прашања поврзани со извршување на платежни услуги.

- **Поими кои се користат во Општите услови и нивно значење**

**„Автентикација"** е постапка која и овозможува на  Банката да го потврди идентитетот на корисникот на платежни услуги или валидното користење на одреден платен инструмент, вклучувајќи ја и употребата на неговите кориснички сигурносни обележја;
**„Блокирана платежна сметка**" е платежна сметка на корисник на платежни услуги за која има евидентирано нереализиран платен налог за присилна наплата или има ист единствен даночен број, односно матичен број на граѓанинот за физички лица со сметка за која има евидентирано нереализиран платен налог за присилна наплата;
**„ББАН"** (англ. BBAN = Basic Bank Account Number) е идентификатор за бројот на платежната сметка, којшто недвосмислено идентификува индивидуална платежна сметка со давателот на платежните услуги во Република Северна Македонија и којашто може да се користи само за национални платежни трансакции, додека истата платежна сметка е идентификувана со ИБАН за прекугранични платежни трансакции;
**„Датум на валута"** е референтно време кое давателот на платежни услуги го користи за пресметување на камата на задолжените или одобрените парични средства на платежната сметка;
**.„Директно задолжување"** е платежна услуга со која се задолжува платежната сметка на

плаќачот, при што платежната трансакција ја иницира примачот врз основа на изразена согласност од плаќачот;
**„Дозволено пречекорување“** е склучен договор за кредит согласно со кој давателот на платежни услуги му става на корисникот на платежни услуги на располагање износ на парични средства што го надминува тековното салдо на парични средства на платежната сметка;
**„Единствена идентификациска ознака“** е комбинација на букви, бројки или симболи која давателот на платежни услуги му ја одредува на корисник на платежни услуги и која при извршување на платежна трансакција задолжително се наведува заради негова недвосмислена идентификација или на неговата платежна сметка од страна на друг корисник на платежни услуги;
**„Единствен даночен број“** е дефиниран согласно со Законот за даночна постапка
**„Единствен регистар на сметки“** е национален, централизиран и електронски систем на информации и податоци за денарските и девизните платежни, депозитни или други сметки, вклучувајќи ги и платните инструменти поврзани со нив, за издадените сефови, како и за идентитетот на сопствениците на сметките и сефовите, на вистинските сопственици, на законските застапници и/или лицата што се овластени за работење со истите;
**„Електронска платежна трансакција“** е платежна трансакција иницирана и извршена онлајн и не вклучува платежни трансакции дадени во хартиена форма или инструкции дадени по пошта или телефон;
**„ИБАН“** (англ. IBAN = International Bank Account Number) е идентификатор за бројот на меѓународната платежна сметка, којшто недвосмислено идентификува индивидуална платежна сметка во Република Северна Македонија, чии елементи се специфицирани од Меѓународната организација за стандардизација (ИСО) (англ. the International Organization for Standardization);

**„Корисник на платежни услуги**“ е физичко или правно лице кое користи платежна услуга во својство на плаќач или примач или во двете својства;
**„Кредитен трансфер“** е платежна услуга со која плаќачот дава инструкции на давателот на платежни услуги којшто ја одржува неговата платежна сметка за извршување на платежна трансакција или серија на платежни трансакции со која се одобрува платежната сметка на примачот;
**„Картон на депонирани потписи на лица овластени за располагање на средствата на корисникот (во понатамошен текст КДП) “** означува образец на банката или други документи кои ги потпишува законскиот застапник или полномошник на корисникот со што дава овластување на одредни лица за располагање со средствата на платежната сметка на корисникот. КДП се заверува со печат. Потписите на овие лица треба да се депонирани кај давателот на платежни услуги во присуство на службено лице, овластено од давателот на платежни услуги, или да бидат заверени на нотар.
**„Надоместок“** е сите трошоци и казни, доколку се предвидени, што корисникот ги платил или треба да ги плати на давателот на платежните услуги, за или во врска со услугите поврзани со платежната сметка;
Одливна платежна трансакција во странство“ е одливот на парични средства во странство или во корист на примач нерезидент во земјата по налог на плаќач кај давател на платежни услуги во земјата;
**„Одржување на платежна сметка“** е услуга на Банката за водење платежна сметка која нема статус на неактивна платежна сметка, како би можела истата да се користи од страна на корисникот на платежни услуги за целите на извршување на платежни трансакции;
**„Парична дознака“** е платежна услуга при која се примаат парични средства од плаќач, со цел соодветниот износ на парични средства да се пренесе на примачот или на друг давател на платежни услуги кој дејствува во име и за сметка на примачот и/или при која паричните средства се примаат во име и за сметка на примачот и му се ставаат на негово располагање, без да се отвори платежна сметка во име на плаќачот или примачот;
**„Парични средства“** се готовина (книжни и ковани пари), електронски пари или други парични побарувања од Банката (средства на сметки);
**„Пасивна каматна стапка“** е стапката по која се пресметува и плаќа камата на паричните средства што корисникот на платежни услуги ги чува на неговата платежна сметка;
**„Платежна картичка“** е вид на платен инструмент кој му овозможува на плаќачот да иницира

трансакција со дебитна или кредитна картичка и којшто може да се користи од имателот за плаќање на стоки и услуги и/или за повлекување и/или внесување готовина;
**„Платежна сметка“** е сметката којашто ја одржува давател на платежни услуги на име на еден или повеќе корисници на платежни услуги и којашто се користи за извршување на платежни трансакции;
**„Платежна сметка со редовни месечни примања“** е платежна сметка на која се пренесуваат парични средства за кои согласно со Законот за данокот на личен доход е уредено оданочување и плаќање данок на личен доход и за која платежна сметка Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија или Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија имаат информации во своите системи;
**„Платежна трансакција“** е внесување, повлекување или пренос на парични средства иницирани од плаќачот или во име на плаќачот или од примачот, независно од обврските кои произлегуваат од односот помеѓу плаќачот и примачот;
**„Платежна шема“** е единствен збир на правила, практики, стандарди и/или упатства за извршување на платежни трансакции договорени меѓу давателите на платежните услуги, а коишто се одвоени од каква било инфраструктура или платен систем што би ја поддржувале нејзината работа;
**„Плаќач“** е физичко лице или правно лице кое има платежна сметка и се согласува за извршување на платен налог од таа сметка или во случај кога не постои платежна сметка, физичко лице или правно лице кое дава платен налог;
**„Платен систем“** е систем за пренос на парични средства заснован на формални и стандардизирани договори и заеднички правила за обработка, клиринг и/или порамнување на налози за пренос помеѓу учесниците во системот;

„Прекугранична платежна трансакција“ е платежна трансакција иницирана од страна на плаќачот или примачот каде што давателот на платежни услуги на плаќачот или давателот на платежни услуги на примачот е основан и работи во Република Северна Македонија, а другиот давател на платежни услуги е основан и работи во друга земја различна од Република Северна Македонија;

„

**„Премолчено должничко салдо“** е премолчено прифаќање на пречекорување на тековното салдо на платежната сметка на корисникот на платежни услуги, притоа давателот на платежните услуги му става на располагање на корисникот на платежните услуги парични средства во износ што го надминува тековното салдо на сопствените парични средства на платежната сметка или ако е договорено дозволено пречекорување, го надминува и износот на дозволеното пречекорување;
„Приливна платежна трансакција од странство“ е приливот на парични средства од странство или од плаќач нерезидент во земјата во корист на примач кај давател на платежни услуги во земјата.
**„Примач“** е физичко или правно лице за кое се наменети паричните средства кои се предмет на платежната трансакција;
**,,Законски застапник”** е законски застапник кој во рамките на законското овластување го застапува Корисникот;

**,,Овластено лице/ полномошник”** е лице кое Корисникот писмено ќе го овласти за располагање со средствата на платежната сметка на Корисникот кај Банката;

**,,Овластување”** е писмена изјава со која корисникот на платежна сметка овластува друго лице да во негово име и за негова сметка презема дејствија и тоа во обем и содржина кои корисникот ги одредува во случај да се работи за надворешно овластување или дејствија кои се наведени во документ од Банката и потпишано во просториите на Банката.

**„Работен ден“** е ден на кој давателот на платежни услуги на плаќачот или давателот на платежни услуги на примачот вклучен во извршување на платежна трансакција е отворен за работа како би се овозможило извршување на платежната трансакција, односно период

утврден со правилата за работа на платниот систем и системот за порамнување на хартии од вредност кој ги опфаќа сите настани за време на работниот циклус на овие системи, независно во кој период од денот и ноќта се случуваат порамнувањата;
**“Референтен девизен курс”** е девизен курс кој се користи како основа за пресметување при купување или продавање на странски платежни средства и којшто го става на располагање Банката или којшто потекнува од јавно достапен извор;
**“Референтна каматна стапка”** е каматна стапка која се користи како основа за секое пресметување на камата и потекнува од јавно достапен извор и која може да биде проверена од двете договорни страни на договорот за платежни услуги;
**„СЕПА“ значи Единствена област за плаќања во евра;**
**“Траен медиум”** е секој инструмент кој му овозможува на корисникот на платежни услуги да ги зачува информациите кои се упатени лично до него на начин што овозможува да му бидат достапни во одреден временски период соодветен на целите на нивно користење и што дозволува непроменета репродукција на зачуваните информации;
**“Траен налог”** е инструкција дадена од плаќачот на Банката којшто ја одржува платежната сметка, за извршување на кредитни трансфери во редовни временски интервали или однапред утврдени датуми;
**„Термински план за извршување на платежни трансакции“** значи важечкиот Термински план за вршење на платен промет со странство на Банката и важечкиот Термински план на плаќања во земјата на Банката кои се објавени на Порталот на Банката за персонализиран пристап за известувања и документи за платежни услуги и на веб страната на банката и во работните простории на банката.

## II Платежни услуги

- **Вид на платежна сметка**

Под условите од Рамковниот договор и овие Општи услови Банката му отвара на Корисникот денарска платежна сметка и/или платежна сметка во странска валута (денарска и девизна платежна сметка), на која ќе се водат (евидентираат) денарски и девизни средства (средства во странска валута) и преку која ќе се вршат: наплати и плаќања со нерезиденти и резиденти; пренос на средства од/на девизен/денарски депозит, од/на други платежни сметки; уплати и исплати во ефективни странски и домашни пари, согласно Законот за девизно работење, Законот за платежни услуги и платни системи и другите позитивни законски и подзаконски прописи; и други со закон дозволени и пропишани платежни трансакции.

- **Постапка пред отворање на платежна сметка**

Банката ќе му даде на Корисникот, доволно време пред истиот да се обврзе со понуда или со Рамковниот договор, претходни информации за условите за користење на платежните услуги на Банката и за надоместоците кои Банката ги наплаќа за истите, на хартија или на друг траен медиум, во согласност со Законот за платежни услуги и платни системи. Ќе се смета дека Банката ја исполнила оваа своја обврска за информирање и со врачување на примерок од Нацрт Рамковен договор кој ги содржи ваквите информации.
Документацијата која го сочинува Рамковниот договор се потпишува и се потврдува на начин кој ќе го утврди Банката, а во секој случај може да потпише со своерачен потпис.
Документацијата која го сочинува Рамковниот договор според можностите на Банката во постапката пред склучување на Рамковниот договор, ќе му се даде на Корисникот или во хартиена форма во деловните простории на Банката, на адреса на електронска пошта која ќе ја определи Корисникот или на друг траен медиум.
Корисникот потврдува дека е запознаен со ризиците од комуникација преку интернет со некриптирана електронска пошта и ги прифаќа истите. Корисникот одговара за достапноста на пријавената адреса на електронска пошта. По барање од Корисникот, Банката може да му издаде примерок од договорната документација во хартиена форма или електронска форма.
Корисникот има право за времетраењето на договорниот однос со Банката да ги бара од Банката на хартија или на друг траен медиум договорните услови од Рамковниот договор, како и претходните информациите за користење на платежни услуги согласно Законот за платежни услуги и платни системи.

SPARKASSE Bank

- **Отворање на платежна сметка**

Банката му отвора на корисникот платежна сметка, врз основа на Барање , склучен Рамковен договор за користење на платежните услуги и дополнителна документација на барање на Банката (во натамошниот текст договор).
Платежна сметка се користи за извршување на платежни трансакции во домашна и странска валута со издавање на платни налози во хартиена и електронска форма или со употреба на платни инструменти како и за други намени во врска со услугите кои Банката му ги дава на корисникот на основа на посебен договор.
Корисникот во Банката може да отвори повеќе платежни сметки.
Секоја платежна сметка има свој број кој како единствена идентификациона ознака се користи во процесот на издавање на платни налози, заради недвосмислена идентификација на корисникот, односно платежната сметка. Бројот на платежната сметка се утврдува во картон за депонирани потписи. Банката ги отвора следните видови на платежни сметки:

- Денарска платежна сметка на резидент правно лице која се користи за извршување на трансакции во домашна валута,
- Девизна платежна сметка , на резидент правно лице на која се водат средства во странски валути-и која се користи за извршување на трансакции во странски платежни средства
- Денарска и девизна платежна сметка на нерезидент правно лице кои се користат за извршување на платежни трансакции во денари и странски валути.

Банката на Корисникот му отвора платежна сметка доколку ги исполнува следните услови:

- да поднесе Барање за платежна сметка и платежни услуги
- да ја достави потребната документација која овозможува идентификација на Корисникот, неговите застапници по закон и неговите Овластени лица за работа со платежна сметка, согласно применливите законски и подзаконски прописи;
- на барање на Банката да ги приложи сите потребни податоци и дополнителна документација согласно интерните акти на Банката, вклучително и за целите на одредбите на Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и за целите на утврдување на FATCA статус.

Документацијата потребна за отворање на сметка, треба да биде презентирана во оригинал или во фотокопија заверена од овластено лице (нотар) при што Банката задолжително задржува примерок од приложената документација. Корисникот е одговорен за вистинитост и потполност на сите доставени податоци и документи, на основа на кои Банката отвора и води платежна сметка Корисникот се обврзува, во случај на промена на податоците, да ја извести Банката за наведената промена и да достави соодветен доказ за тоа, најкасно во рок утврден со договорот и овие Општи услови,со пополнување на соодветен образец на Банката.

- **Отворање на денарска и девизна платежна сметка на резидент правно лице**

За отворање на денарска и девизна платежна сметка на резидент правно лице, корисникот за отворање на платежна сметка ги доставува следните документи:

Барање за платежна сметка и платежни услуги;

- потребна документација која овозможува идентификација на правното лице – резидент, неговиот застапник по закон и неговите Овластени лица за работа со платежната сметка;
- друга документација согласно интерните акти на Банката, применливите прописи, како и податоци за контакт со правното лице - резидент

Пред да отвори сметка Банката задолжително го утврдува идентитетот на правното лице - резидент, неговите застапници по закон и неговите Овластени лица за работа со платежната сметка, врз основа на важечка документација за нивна лична идентификација.
Банката го утврдува идентитетот на правното лице – резидент, врз основа на:

- решение за упис или тековна состојба од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија, односно од друг надлеженрегистар во Република Северна Македонија, во хартиена форма или во електронска форма,валидно издадена согласно со закон;
- акт од надлежен орган за основање, доколку правното лице нема обврска за запишување во регистар,

- извод од закон, ако правното лице е основано со закон,
- решение од надлежен суд за отворање на стечајна постапка над правното лице или известување од Централен Регистар на Република Северна Македонија до банките за отворање на стечајна постапка над правното лице.

- **Отворање на девизна платежна сметка на нерезидент правно лице**

Банката ја отвора сметката на правно лице - нерезидент врз основа на следната документација:

- Барање за платежна сметка и платежни услуги, на соодветен интерен образец на Банката;
- Потребна документација која овозможува идентификација на правното лице – нерезидент, неговиот застапник по закон и неговите Овластени лица за работа со платежната сметка;
- друга документација согласно интерните акти на Банката, применливите прописи, како и податоци за контакт со правното лице - нерезидент.

Пред да отвори сметка Банката задолжително го утврдува идентитетот на правното лице - нерезидент, неговите застапници по закон и неговите Овластени лица за работа со платежната сметка, врз основа на важечка документација за нивна лична идентификација.
Банката го утврдува идентитетот на правното лице – нерезидент, врз основа на:

- извод од трговски регистар или друг регистар каде што се води евиденцијата за правните лица во земјата во која е регистриран субјектот не постаро од три месеци, од кој може да се утврди датумот на неговото основање, називот, адресата, седиштето, законскиот застапник и дејноста којашто ја врши. Изводите се доставуваат во писмена форма, а може да се достават во електронска форма доколку се издадени на правно валиден начин, во согласност со применливите прописи.
- документ издаден од Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија за нерезидент кој е дипломатско претставништво на странска земја или претставништво на меѓународна организација и нивниот застапник по закон или решение за упис или тековна состојба од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица од регистарот на Централен Регистарна Република Северна Македонија.

Банката го утврдува идентитетот на застапникот по закон на правното лице – нерезидент врз основа на документацијата опишана погоре или други важечки документи како доказ за својството на застапник по закон, како и врз основа на важечки документ за лична идентификација (лична карта, пасош)
Овластените лица за работа со платежна сметка на правното лице – нерезидент се идентификуваат врз основа на:

- пријава на Овластеното лице за работа со платежна сметка на правното лице - нерезидент, со негов потпис со кој ќе се заверуваат платните инструменти, односно платните налози;
- писмено овластување за Овластеното лице за работа со платежна сметка потпишано од застапникот по закон на правното лице – нерезидент или надворешно писмено овластување за Овластеното лице за работа со платежна сметка потпишано од застапникот по закон на правното лице – нерезидент или надлежно лице/ орган потврдено од овластено лице (нотар) или надлежно лице/ орган и важечки документ за лична идентификација на Овластеното лице за работа со платежна сметка.

- **Овластени лица за работење со платежната сметка**

Корисникот мора изречно и писмено да овласти лица за располагање со средствата на сметка како Овластени лица за работа со платежна сметка.
Овластувањето за располагање со средствата на платежната сметка може да биде колективно и Поединечно. Овластувањето за располагање со средствата на платежната сметка не може да се пренесува на други лица. Корисникот е обврзан овластеното лице/ полномошникот да го запознае со содржината на Општите услови и целокупната документација која е дел од Рамковниот договор за платежна сметка.
Овластените лица за работа со платежна сметка на Корисникот, како и неговите застапници по закон, мора да го депонираат својот потпис во Банката, на соодветен образец.
Корисникот може да го отповика овластувањето за располагање со средствата на сметката исклучиво во писмена форма, односно во форма во која е дадено овластувањето и со доставување на писмено известување до Банката.

При промената на Овластените лица за работа со платежна сметка на Корисникот кои се негови застапници по закон мора да се приложи нов извод (тековна состојба) од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија или друг надлежен регистар. Изводите се доставуваат во писмена форма, а може да се достават во електронска форма доколку се издадени на правно валиден начин, во согласност со применливите прописи.
Потписите и овластувањето Овластените лица за работа со платежна сметка на Корисникот важат се до моментот на нивно писмено отповикување од страна на Корисникот или приемот на службено известување за престанување на постоење на Корисникот и тоа без оглед на евентуалниот упис на промената на овластувањето за располагање со средствата на платежната сметка или упис на промената на Овластените лица за работа со платежна сметка на Корисникот кои се негови застапници по закон во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија или друг надлежен регистар, односно од објава во Службен весник на Република Северна Македонија.
Банката не одговара за евентуалните штети кои можат да настанат за Корисникот заради ненавремено извршување на промената на Овластените лица за работа со платежна сметка на Корисникот.

- **Водење на платежна сметка**

Банката ја води денарската платежна сметка во валута мкд, а девизната платежна сметка во странски валути. На една девизна платежна сметка може да се водат повеќе странски валути, а водењето на платежната сметка во поединечни странски валути се врши во склад со одредбите од договорот. Преглед на странски валути е достапен во експозитурите на Банката и на интернет страната на банката.
Банката се обврзува преку платежната сметка, за корисникот да врши платежни услуги до износот на расположиви средства на платежната сметка, односно до износот на одобреното дозволено пречекорување на денарската платежна сметка, доколку истото е договорено со корисникот.
За водењето на платежните сметки, Банката врши наплата на месечен надоместок со задолжување на истото на последниот ден во месецот, а во склад со Тарифата за надоместоци.

- **Дозволено пречекорување**

Сметката на Корисникот - резидент може да премине во долговно салдо до износ утврден со Договорот за одобрување на дозволено пречекорување на платежна сметка склучен помеѓу Корисникот – резидент и Банката. Сметката на Корисникот – резидент може да премине и во премолчено должничко салдо над тековното салдо на платежната сметка на Корисникот - резидент, при што Банката му става на располагање на Корисникот – резидент парични средства во износ што го надминува тековното салдо на сопствените парични средства на платежната сметка или ако е договорено дозволено пречекорување, го надминува и износот на дозволеното пречекорување. На денарската платежна сметка вршењето на исплати може да се направи и во границите на дозволеното пречекорување, согласно со Договорот за дозволено пречекорување склучен помеѓу Корисникот и Банката.
Пресметаната, а ненаплатена камата на искористените средства од дозволено пречекорување (лимит) Банката ја наплатува од средствата на платежната сметката на Корисникот - резидент во Банката (позитивно салдо, прилив, уплата). На средствата кои Корисникот ги користи над утврдениот износ на дозволено пречекорување (лимит) на платежна сметка и на кредитни картички, Банката ќе пресметува казнена камата согласно важечки прописи.

## IV.Платни налози

- **Постапување по платни налози**

Банката преку сметката за Корисникот ќе прима уплати и ќе врши исплати согласно доставените платни налози и платни инструменти од страна на Корисникот.
Банката ќе ги прима и извршува платните налози според инструкции добиени од Корисникот и тоа од девизната сметка во рамките на средствата на сметката во странска валута, а од денарската

сметка до висина на покритието на денарската сметка. Под покритие на сметката се подразбира состојбата на сметката од претходниот ден, зголемена за приливот на средства во текот на денот и за средствата одобрени согласно Договорот за одобрување на дозволено пречекорување на платежна сметка кој ќе го склучи со Корисникот, намалено за плаќањата во текот на денот до моментот на утврдување на покритието..
Банката се обврзува да го извести Корисникот за неправилно или нецелосно пополнети платни налози кои нема да бидат извршени.
Корисникот и овластеното лице на Корисникот се обврзуваат да ги чуваат платните инструменти и платни налози. Евентуалните материјални последици што можат да настанат поради нивно губење ги сноси Корисникот.
Во рамките на извршување на операциите во платниот промет, како во земјата така и со странство, Банката како давател на платежни услуги е должна да ја почитува важечката домашна регулатива за вршење на платниот промет и платежните услуги, вклучително и одредбите од локалниот Закон за рестриктивни мерки и Одлуките за воведување на рестриктивни мерки донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија. Тука спаѓаат и Одлуките со кои Владата воведува рестриктивни мерки согласно Одлуките на Советот на Европската Унија.
Имајќи во предвид дека Шпаркасе банка АД Скопје е дел од Групација Steiermaerkische Sparkasse AG, Грац, Р. Австрија, која подлежи на регулативата донесена од страна на Европската Унија, Банката има обврска за задолжително почитување и на таа регулатива. Во таа насока Банката во однос извршувањето на трансакциите спрема странство, подлежи на истите регулаторни обврски како и Групацијата на која и припаѓа.
Корисниците на платежни услуги се должни да бидат свесни и соодветно информирани за актуелни ограничувања и рестриктивни мерки во платниот промет.
Согласно горенаведеното, Банката како Давател на платежни услуги укажува на своите Корисници на платежни услуги дека одредени платежни трансакции во платниот промет со странство, можат да бидат сопрени од страна на кореподентските банки преку кои се врши плаќањето во странство и како последица на тоа средствата од корисникот на платежни услуги  можат да бидат задржани од страна на тие банки, согласно важечката регулатива во земјата во која се наоѓа седиштето на коресподнетната банка односно ограничувањата и рестриктивните мерки кои се важечки во таа земја. Во таков случај, Банката како Давател на платежни услуги нема да биде одговорна за неспроведување на платежната трансакција, ниту за евентуалната штета која би ја трпел корисникот на платежни услуги и нема обврска за надоместување на штетата која корисникот на платежни услуги би ја претпрпел поради делувањето на странската банка.

❖ **Форма и содржина на платните налози**

Платниот налог, вклучително и трајниот платен налог, треба да ја има содржината пропишана со прописите од областа на платниот промет во земјата и во странство, како и содржината предвидена во интерните обрасци на Банката.
Платниот налог може да биде доставен во хартиена форма на шалтерите во експозитурите на Банката, во електронска форма преку каналите на електронско банкарство на Банката, преку SWIFT  или на друг траен медиум согласно позитивните прописи во рамките на Терминските планови за извршување на платежни трансакции.
Корисникот се обврзува платните налози (платните инструменти) да ги доставува навреме, уредно, читливо и точно пополнети во согласност со применливите позитивни законски и подзаконски прописи во законски определените рокови, и согласно Терминските планови за извршување на платежни трансакции. Во спротивно одговорноста паѓа на товар на Корисникот, при што Банката не презема никаква одговорност за евентуално настанатата штета за Корисникот.
Банката се обврзува да го извести Корисникот за ненавремено доставени, неправилно или нецелосно пополнети налози за плаќање (платни инструменти) кои нема да бидат извршени.
Банката го прифаќа платниот налог доколку се исполнети следните услови и тоа:

- доколку платниот налог е правилно пополнет, ги содржи сите информации и податоци барани и потребни согласно позитивните законски и подзаконски прописи и доколку е потпишан од Корисникот или овластени лица од него
- доколку кон платниот налог се приложени сите неопходни документи пропишани и

определени со позитивните законски и подзаконски прописи, а во согласност со интерните акти на Банката;

- доколку е обезбедено покритие на сметка на Корисникот кај Банката за плаќање на платниот налог и за плаќање на надоместоците и трошоците на Банката;
- доколку платниот налог, како и самото плаќање е во согласност со важечките домашни и меѓународни закони и прописи и правилата за извршување платежни трансакции во платежните шеми и платни системи.

Плаќачот го пополнува платниот налог за извршување кредитен трансфер со назначување на задолжителните елементи на налогот и е одговорен за настанатите последици од неправилното пополнување.

Ако Банката ги води сметките на Корисникот во домашна валута и во странски валути, во случај ако за реализација на налог во валута, на која гласи налогот, на сметката нема доволно средства, по добиен налог од Корисникот, Банката врши валутна конверзија од другите расположливи сметки на Корисникот (со примена на референтен девизен курс на Банката кој важи на денот на трансакцијата). Банката врши ваква конверзија без согласност од Корисникот во случаи на извршување на налози од присилна наплата.
Под ден на трансакција се подразбира датумот кој Корисникот изречно го навел како датум кога бара да се спроведе соодветната трансакција. Истиот може да биде ист или поголем од датумот на поднесување доколку Банката прифатила да прима налози со идни датуми или ако природата на трансакцијата е таква да не може да се изврши за еден ден Корисникот треба да даде инструкции, односно налог за конверзија.
Погрешно книжено задолжување или одобрување на сметката, без одобрение на Корисникот, коешто е последица на грешка на Банката или нејзините надворешни соработници, Банката може да го отстрани со спротивно книжење, така што состојбата на сметката да биде непроменета. Банката за тоа го известува Корисникот согласно расположливи комуникациски канали.
Корисникот е одговорен за точноста и потполноста на податоците во платниот налог. Банката не одговара за евентуалната штета која би настанала кај Корисникот заради извршување на погрешно, нецелосно пополнети, фалсификувани или променети налози за плаќање. Платните налози кои не ги исполнуваат условите за прием и постапување по истите, Банката ги одбива и најдоцна наредниот работен ден ги враќа на Корисникот и за истото писмено, по електронски пат или со друг канал на комуникација го известува Имателот на сметка.
Банката не одговара во случај на прекин на услугите поврзани со извршување на платниот промет и за последиците од настанатиот прекин, кој е надвор од контрола на Банката, односно кој е последица на виша сила и околности кои не можеле да бидат однапред предвидени, спречени, отстранети или избегнати.
Банката не одговара за штетата, трошоците или загубата, за било кое намалување во вредност или обврска од било кој вид кои произлегуваат од постапувањето, односно непостапувањето на Банката согласно со или поврзано со прекинот во системите за плаќање.

- **Прием на платниот налог**

Приемот и обработката на платната налозите се извршува согласно Termински план за извршување на платежни трансакции на Банката. Сите налози добиени по наведените термини од Термински план за извршување на платежни трансакции на Банката ќе се смета дека се примени следниот работен ден.
Корисникот кој иницира платен налог и Банката можат да договорат извршувањето на платниот налог да започне на точно одреден ден или на крајот на одреден период или на денот на кој Корисникот како плаќач ќе и ги стави на располагање на Банката потребните парични средства за извршување на платниот налог, пришто времето на прием на платниот налог се смета дека е договорениот ден за извршување на платниот налог. Ако вака договорениот ден е неработен ден за Банката, се смета дека платниот налог е примен следниот работен ден. Платниот инструмент може да има валута на извршување истиот ден или валута на некој иден работен ден (најмногу до 7 дена). Платниот инструмент кој има валута на извршување на денот кога е доставен, се извршува истиот ден кога е доставен согласно терминскиот план на Банката, а ако е доставен по завршувањето на терминскиот план предвиден за прием на налози ќе се изврши наредниот работен ден, доколку за негово извршување има покритие на трансакциската сметка и нема

пристигнато решение за присилна наплата за извршување. Во спротивно Банката на соодветен образец наредниот работен ден го враќа платниот инструмент на Корисникот, со образложение за причината.
Корисникот и Банката можат да се договарат да се одредат приоритети за извршување на платните инструменти (налозите за плаќање), во спротивно Банката ќе ги извршува според датумот и времето на прием, а ќе ги почитува законските приоритети
Корисникот може да извршува плаќање во корист на иматели на сметки кај други деловни банки (плаќања кои согласно позитивни прописи не се сметаат за големи плаќања, односно плаќања до 1.000.000 денари) преку системот за порамнување на Клириншкиот интербанкарски систем (КИБС), каде плаќањата се сметаат за конечни по извршеното порамнување на плаќањата помеѓу банките и преку Македонскиот интербанкарски платен систем (МИПС) (за плаќања кои согласно позитивните прописи се сметаат за големи плаќања, односно плаќања на и над 1.000.000 денари и плаќања кои се итни) и истите се извршуваат веднаш, односно налогопримачот може веднаш да располага со средствата од извршеното плаќање.
Корисникот може да извршува плаќања во корист на иматели на сметки во други странски банки преку SWIFT системот и платежната шема за кредитни трансфери на СЕПА.

- **Рок, датум на валута и расположливост на парични средства**

Банката ги извршува платежните трансакции во рокови предвидени со Терминските планови за извршување на платежни трансакции и со Законот за платежни услуги и платни системи и Законот за девизно работење.
Кога според применливите прописи за извршување на платниот налог се потребни одредени дополнителни документи или податоци покрај уредно пополнетиот платен налог, Банката ќе го изврши платниот налог доколку се доставени тие документи и податоци т.е презентирани во пропишаната форма, па во тие случаи Банката се ослободува од одговорност за продолжување на рокот за извршување на платни налози.
Датумот на валута на одобрување на платежната сметка на примачот не смее да е подоцна од работниот ден на кој износот на платежната трансакција се одобрува на сметката на давателот на платежни услуги на примачот.
Банката, како давателот на платежни услуги на Корисникот како примач е должна износот на платежната трансакција да го стави на располагање на примачот веднаш откако износот е одобрен на сметката на давателот на платежни услуги на примачот, во случаите кога Банката, како давател на платежни услуги на примачот:

- не врши валутна конверзија или
- врши валутната конверзија на паричен износ во евра или во други валути на земји од Европската економска област, во соодветна денарска противвредност.

Одредбата од ставот опишан погоре од овие Општи услови се применува и во случај на платежни трансакции што се извршуваат од страна на еден ист давател на платежни услуги.
Датумот на валута на задолжување на платежната сметка на плаќачот не смее да е пред датумот кога платежната сметка на плаќачот е задолжена за износот на платежната трансакција.

При обработката на приливна платежна трансакција од странство, Банката на примачот го врши одобрувањето на паричните средства на платежната сметка на примачот преку постапка на:

- директно одобрување- веднаш во текот на истиот работен ден, а најдоцна наредниот работен ден од приемот на известувањето за одобрени средства на неговата сметка кај Банката примач во земјата или во странство, ги одобрува паричните средства на платежната сметка на примачот со датум на валута на одобрување којштo не е подоцна од работниот ден на кој е одобрен износот на платежната трансакција на неговата сметка.
- одложено одобрување - во случај на прилив во корист на примач резидент врз основа на капитални трансакции за кои се потребни дополнителни информации или дополнителни документи од кои може да се утврди дека се исполнети условите од членот 28 од Законот за девизното работење, доколку тие не биле доставени пред да стаса приливот. Банката е должна веднаш во текот на истиот работен ден, а најдоцна наредниот работен ден да го

извести примачот резидент за платежната трансакција и за дополнителните информации или документи коишто треба да ги достави за одобрување на паричните средства на неговата платежна сметка. По приемот на известувањето, примачот резидент веднаш, а најдоцна во рок од 5 работни дена, треба да ги достави сите дополнителни информации или документи побарани од Банката за одобрување на средствата на неговата сметка. Банката нема да ги одобри паричните средства на платежната сметка на примачот резидент сè додека примачот резидент не ги достави сите дополнителни информации или документи.

При иницирање одливна платежна трансакција во странство, плаќачот и доставува на Банката: платен налог целосно пополнет како и соодветен документ кој Банката ќе го побара од плаќачот (во случај на плаќач резидент) од кој може да се утврди дека се исполнети условите за извршување на капиталната трансакција Одговорноста за вистинитоста на информациите доставени до Банката, за обврската за плаќање во странство, како и за автентичноста на приложените документи при извршување одливна платежна трансакција во странство, ја презема плаќачот.
Банката на плаќачот е должна да обезбеди паричниот износ на платежната трансакција со странство во денари или евра којашто се извршува во Република Северна Македонија да биде одобрен на сметката на Банката на примачот во истиот работен ден кога е примен платниот налог, во согласност со терминскиот план на Банката со кој е определен моментот кон крајот на работниот ден како крајно време по кое се смета дека е примен платниот налог следниот работен ден.
Банката на плаќачот е должна да обезбеди паричниот износ на платежната трансакција со странство во валута различна од денари и евра којашто се извршува во Република Северна Македонија да биде одобрена на сметката на Банката на примачот најдоцна до крајот на вториот работен ден по денот кога е примен платниот налог, во согласност со терминскиот план на Банката со кој е определен моментот – време кон крајот на работниот ден како крајно време по кое се смета дека е примен платниот налог следниот работен ден.
Банката на плаќачот е должна да обезбеди паричниот износ на платежната трансакција со странство во евра којашто се извршува во рамките на СЕПА да биде одобрен на сметката на Банката на примачот најдоцна до крајот на следниот работен ден по денот на приемот на платниот налог, во согласност со терминскиот план на Банката со кој е определен моментот кон крајот на работниот ден како крајно време по кое ќе се смета дека е примен платниот налог следниот работен ден.Рокот може да се продолжи за уште еден работен ден за платежните трансакции во евра во рамките на СЕПА коишто се иницирани на хартија.
За извршување прекугранични платежни трансакции во рамките на СЕПА во други валути на земји од СЕПА различни од евро договорениот рок не може да надмине четири работни дена од времето на прием на платниот налог, во согласност со терминскиот план на давателот на Банката со кој е определен моментот кон крајот на работниот ден како крајно време по кое се смета дека е примен платниот налог следниот работен ден.

- **Одбивање за извршување на платниот налог**

Банката ќе одбие да го изврши налогот за плаќање, ако не се исполнети сите услови за негово извршување, односно во случаи:

- Ако за извршување на примениот налог за плаќање, на платежната сметка нема покритие на денот на извршување на налогот, односно на денот договорен во рамките на динамиката за повеќекратни трансакции;
- Ако не е добиена писмена согласност на корисникот;
- Ако потписот на налогот за плаќање не е веродостоен (не соодветствува) на потписот кој корисникот го депонирал кај Банката;
- Ако налогот не е пополнет и издаден во согласност со прописите или содржи исправки или податоците на налогот не се правилни, читливи и потполни;
- Кога постојат законски пречки за извршување на налогот за плаќање (на пр. Налог од суд и сл);
- Ако не е приложена документација неопходна за извршување на платниот налог

Банката без согласност на корисникот нема да дозволи извршување на платен налог во случаи утврдени со прописи и интерни акти со кои се уредува спречувањето перење пари и финансирање на тероризам, заради постапување по листите за санкции за лица, земји и

активности, во склад со локалната и/или меѓународна регулатива, доколку корисникот постапува спротивно на законите и други прописи и интерни акти и доколку корисникот на барање на Банката не ги достави бараните податоци и документација во склад со ФАТКА регулатива. Во случај на одбивање на налогот од наведените причини, ќе се смета дека налогот не е ни примен.
По исклучок, доколку на сметката на корисникот, на денот утврден за извршување на траен налог за наплата на доспеани обврски по кредитни изложености, кредити одобрени на корисникот од страна на банката нема доволно средства, налогот ќе се извршува се до реализација на истиот.
Платниот налог не се смета за одбиен, ако не е извршен заради постапка за спроведување на судска наредба или извршно решение.
Банката ќе го извести корисникот за одбивањето на налогот за плаќање и ако е возможно, за причините за одбивањето и постапката за исправка на грешки кои биле причина за одбивањето, освен во случаи доколку е забрането известувањето согласно прописи.
За одбивање на платен налог во хартиена форма, Банката ќе го извести корисникот без одлагање, по усмен пат, а најкасно во рок кој е утврден за извршување на налогот за плаќање и во согласност со терминскиот план. Доколку корисникот побара, Банката ќе му достави известување за причините за одбивање на налогот, во писмена форма.
Одбивање и известување на корисникот за одбивањето на налогот издаден по електронски пат, зависи од видот на платниот инструмент и се уредува со договорот за издавање и користење на истиот.

- **Овластување за Банката**
- Со склучениот Договор Корисникот на платежни услуги ја овластува Банката во негово име и за негова сметка да издава платни инструменти на товар на средствата на неговите сметки кои тој ги има кај Давателот на платежни услуги по било кој основ, како и на товар на неговите идни приливи, а заради пренесување на истите на сметка на Давателот на платежни услуги, со цел да ги наплати доспеаните, а не наплатени обврски кон Давателот на платежни услуги по сите основи.
- Секој корисникот на платежни услуги кој има доставено до Банка уредно Барање за активирање на SWIFT Електронска услуга изразува согласност и ја овластува Банката во негово име и за негова сметка да ги пополнува и потпишува, платните инструменти и обрасци за плаќање во земјата и во странство според претходно добиени инструкции преку SWIFT добиени од страна на Странската Банка/и со која Банката има склучено Договор за соработка, а во согласност со важечките законски и подзаконски акти од областа на девизното работење и платниот промет во земјата и по доставување на пропишаната документација во важечките законски и подзаконски прописи од страна на Корисникот на платежни услуги во врска со платните налози во странство. Доколку Корисникот на платежни услуги не ја достави адекватната документација во врска со налозите за плаќање со странство Банката нема да постапи по истите и нема да одговара за штета. Дадената согласност и овластување Корисникот на платежни услуги може да ги повлече во секое време со Барање за затварање –SWIFT за електронски услуги.

## V. Надоместоци, каматни стапки и девизни курсеви

- **Пресметување на надоместоци и каматни стапки**

За услугите кои Банката ги обезбедува на Корисникот согласно овие Општи услови и Рамковниот договор со Корисникот, Банката пресметува и наплаќа надоместоци, трошоци, провизии и каматни стапки и одобрува камата во висина, во рокови и на начин согласно Одлука за Тарифата на надоместоците на услугите што ги врши Банката и Одлука за каматни стапки на Банката. Надоместоците, трошоците и провизиите кои ги наплаќа Банката ги вклучуваат, без ограничување: провизии за одржување на платежна сметка, провизии за уплати и исплати во готово, провизии за безготовински трансакции во платен промет, провизии за СМС известување, провизии за трајни налози, провизии за користење на услугите на мобилно / електронско банкарство, провизии за одобрување на дозволено пречекорување на платежна сметка, провизии

за приливни и одливни платежни трансакции со странство, за свифт, трошоци, за интервенции, документарни работи (акредитиви гаранции и инкаса), за уплата и исплата на ефективни странски пари, за чекови, кредитни писма и други хартии од вредност, изготвување на кредитни пријави за склучени кредитни работи, провизии за извршување на решенија за присилна наплата и задолжница, провизии за блокада и деблокада на сметка, делумно извршување на решенија за присилна наплата, провизии за опомени за доспеани, а ненаплатени побарувања, провизии за членарини, проверка, уплати, исплати како и дополнителни барања за оперативно работење со дебитни и кредитни картички како и провизии за останати услуги во делот на платните системи во земјата и странство, благајничко и картично работење, предвидени во Одлуката за Тарифата на надоместоците на услугите што ги врши Банката.
Покрај надоместоците и трошоците од претходниот став Банката пресметува и надоместок за платени трошоци на странските банки кои произлегуваат од вршењето на платниот промет со странство, по налог/во корист на Корисникот.
Корисникот со овие Општи услови ја овластува Банката и дава согласност директно да ја задолжува сметката во врска со надоместоците за вршење банкарски услуги, провизии, сите трошоци поврзани со платниот промет во земјата и во странство, дебитна картичка и електронско или мобилно банкарство и сите побарувања кои можат да настанат во врска со работењето со платежната сметка и истите да ги наплатува согласно одредбите за давање согласност од овие Општи услови.
Тарифникот на Банката подлежи на измени од страна на Банката и за промените Корисникот ќе биде известен преку објавување на нов Тарифник на Банката на видно место во просториите на Банката, на официјалната веб страна на Банката на Порталот на Банката за персонализиран пристап за известувања и документи за платежни услуги и преку друг траен медиум.
Ако Корисникот не се согласува со промената на надоместоците, трошоците, провизиите и другите надоместоци поврзани со работење на сметката должен е до Банката да поднесе барање за раскинување на Рамковниот договор во рок од 2 месеци и да бара затворање на сметката, во спротивно се смета дека е согласен со предложените измени.

- **Девизни курсеви**

При извршување на девизни плаќања од платежната сметка на Корисникот, Банката применува важечка курсна листа на Банката и го информира Корисникот за конкретен курс предвремено или договорува посебен курс за индивидуална соработка.
Доколку Корисникот - должник нема расположливи парични средства за присилна наплата во денари за целосно извршување на платежната трансакција врз основа на платниот налог за присилна наплата, Банката врши валутна конверзија во денари на неговите расположливи парични средства за присилна наплата во друга валута со примена на средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија кој важи на денот на трансакцијата до износот потребен за целосно извршување на платежната трансакција врз основа на платниот налог за присилна наплата и ги пренесува на платежна сметка во денари на Корисникот –должник.
За пресметка на висината на надоместоците и трошоците од странска валута во домашна валута се користи средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија, важечки на денот на пресметката.Доколку за плаќање на надоместоците и трошоците се употреби странска валута, странската валута се откупува според куповниот курс од Курсна листа за девизи на Банката курс на денот на порамнување на обврските.
Корисникот ја овластува Банката да ја пополни и потпише заклучницата за купопродажба на девизи.
Банката формира и објавува курсна листа на дневна основа врз база на понудата и побарувачката на девизниот пазар. Основниот пар на тргување е ЕУР/МКД за кој се дефинира куповен и продажен курс според акутелната состојба на девизниот пазар. Курсот на останатите валути се формира како “крос”, според еврото како основа и коефициентот на другата валута на меѓународниот пазар на валути искажан во македонски денари.

- **Промена на надоместоци, каматна стапка и девизен курс**

Промена на каматна стапка која се заснива на измените на референтната каматна стапка може да се примени веднаш и без претходно известување на корисникот за тие измени. Промена на девизниот курс се заснива на измените на референтниот курс кој претставува среден курс на НБРСМ ~~и~~ може да се примени веднаш и без претходно известување на корисникот за тие измени.
Банката ќе обезбеди еднаков третман на корисниците на платежни услуги во делот на пресметка и примена на промена на каматна стапка, промена на надомести и девизни курсеви. Целосната курсна листа, Одлуката за каматни стапки и Одлуката за надоместоци постојано се ажурира и се објавува на веб страницата на Банката, во експозитурите на Банката и е достапна на Порталот на Банката за персонализиран пристап за известувања и документи за платежни услуги и на друг траен медиум. Корисникот се информира на еден од начините како што е уредено подолу, а во зависност од типот на документ кој се дава или става на располагање.

## VI. Информирање на корисникот на платежни услуги, начин и средства за комуникација

За промените и состојбата на платежната сметка, Банката го известува корисникот преку извод за состојба и промени на платежната сметка отворена во Банката (во понатамошен текст: извод) кој на корисникот му се доставува по завршување на работниот ден (затворање на интерниот платен промет),а најдоцна следниот работен ден на договорен начин. На корисници кои до Банката имаат доставено писмено Барање кое е прифатено од страна на Банката, Изводот им се испраќа на доставена е-адреса.  Вака доставениот Извод ќе се смета за уредно доставен и Банката нема да биде одговорна во случај на било какви промени на страна на Корисникот на услуги за кои Банката не е навремено известена.Корисникот е должен внимателно да го прегледа изводот за состојба и промени на својата платежна сметкаи без одлагање да ја извести банката за евентуални утврдени неслагања.
Банката има право да ги користи сите расположиви видови на комуникација, во согласност со податоците кои корисникот ги доставил до Банката, со цел комуникација и информирање.
Средствата за комуникација, како и техничките услови што треба да ја исполни опремата и/или софтверот на корисникот на платежни услуги заради пренос на информациите и известувањата согласно законот за платежни услуги и платни системи се предмет на договор со клиентот.
Корисникот на платежните услуги има право за времетраењето на договорниот однос да ги побара на хартија или на друг траен медиум Рамковниот Договор и неговите прилози кои се негов составен дел.

Комуникацијата од Банката до Корисникот може да се врши на еден од следниве начини, во зависност од случајот:

- електронски на последната позната адреса на електронска пошта дадена од Корисникот, или
- со пораки или соопштенија преку Услугите за електронско банкарство за Корисникот кој ги користи истите за платежна сметка што ја има кај Банката, или
- преку телефон до последниот познат телефонски број обезбеден од Корисникот, или
- преку текстуални пораки (СМС/Вибер) до последниот познат број на мобилен телефон даден од Корисникот, или
- со јавни објави во медиумите, или
- преку документи/соопштенија кои се достапни во експозитурите на Банката, на веб-страната на Банката или на Порталот на Банката за персонализиран пристап за известувања и документи за платежни услуги или
- со редовна, односно обична или препорачана пошта (со потврда за прием од корисникот) до последната позната адреса дадена од Корисникот;

- преку Порталот на Банката за персонализиран пристап за известувања и документи за платежни услуги до кој секој Корисник има обврска редовно да пристапува и кога ќе доби информација од банката или
- преку друг траен медиум дефиниран согласно законски прописи

Доставата на информации и извештаи од Банката до Корисникот ќе се врши на начин согласно важечка законска и подзаконска регулатива, Рамковниот договор и овие Општи правила и услови преку еден или повеќе од горенаведените канали кои ги исполнуваат условите за сигурна околина согласно законските прописи.

Кога до Корисникот се доставува известување кое Банката го дава или информација која ја става на располагање на начин:

- со едноставно, обично писмо за кое не е потребна потврда за прием од корисникот, ќе се сметаат за примени од страна на Корисникот во рок од 5 (пет) дена и кога не е обезбеден доказ за прием.
- со препорачано писмо за кое е потребна потврда за прием од корисникот, а писмото е вратено како недоставено, ќе се смета за испратено на датумот на враќање кој е напишан на пликот од доставувачот / поштенскиот агент / курирот.

## VII. Заштитни и корективни мерки

### Заштитни мерки

Корисникот кој е овластен да го користи платниот инструмент е должен:

- веднаш штом ќе го добие платниот инструмент, да ги преземе сите разумни мерки за заштита на корисничките сигурносни обележја на платниот инструмент;
- да го користи платниот инструмент во согласност со договорните услови за издавање и користење на платниот инструмент и
- да ја извести Банката или лицето определено од Банката, веднаш по добивање сознание за губење, кражба, злоупотреба или неавторизирано користење на платниот инструмент.

Корисникот е должен да го следи и контролира пристапот од трети лица до платниот инструмент кој го користи за услугите од платежната сметка.
Во случај Корисникот да констатира неовластен пристап од трето лице до платниот инструмент кој го користи за услугите на платежната сметка, обврзан е веднаш да и пријави на Банката, со јавување во Контакт Центар на 02/15 050, при што Банката со цел да спречи евентуална злоупотреба на системот привремено ќе го блокира извршувањето на поединечни или на сите услуги кои ги користи Корисникот и за тоа ќе го извести Корисникот преку еден од канали за комуникација со Корисникот.

### Одговорност

Корисникот може да биде одговорен за надоместување на загубите произлезени од извршени неавторизирани платежни трансакции поради загубен или украден платен инструмент или злоупотреба на платниот инструмент до максимален износ од 1.200 денари или соодветната противвредност во други валути.
Претходниот став не се применува кога загубата, кражбата или злоупотребата на платниот инструмент не е возможно да била откриена од страна на Банката пред плаќањето, освен ако самиот Корисник постапувал со намера за измама.
Одговорноста на Банката не е исклучена во случаите кога противправно постапувала со намера или со крајно невнимание.
Во случај кога платниот налог е инициран непосредно од страна на плаќачот, Банката е одговорна кон плаќачот за правилно извршување на платежната трансакција согласно одредбите за одговорност на давателот на платежните услуги за неизвршување, неправилно извршување или

задоцнето извршување на платежни трансакции иницирани од страна на плаќачот од Законот за платежни услуги и платни системи.

## VIII Важење,измена и раскинување на рамковниот договор

- **Време на важење на Рамковниот договор**

Рамковниот договор се склучува на неопределено време.Рамковниот договор стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете Страни.

- **Измени на Рамковниот договор**

Секоја измена на Рамковниот договор и овие Општи услови, вклучително и измена на информациите за користење на
платежните услуги, Банката ќе му ја предложи на Корисникот најдоцна два месеци пред датумот на примена на измената.
Банката ќе ги изготви предложените измени во едноставна и сеопфатна форма, со употреба на разбирливи зборови, и ќе му ги достави на Корисникот на договорениот соодветен начин на информирање и комуникација..

Банката промените во Рамковниот договор и документите кои се негов составен дел задолжително ги објавува на веб страната на Банката и на Порталот за персонализиран пристап за Известувања и документи за платежни услуги во рок од два месеца пред примена на промената за што уредно ќе достави информација до корисникот на услуги.
Корисникот ги прифаќа или не ги прифаќа предложените измени пред датумот на примена на измените и за прифаќањето или неприфаќањето ја известува Банката. Ќе се смета дека Корисникот ги прифатил предложените измени во условите на Рамковниот договор доколку пред датумот на примена на измените не ја извести Банката дека ги одбива истите. Корисникот кој не е согласен со предлогот на измени и дополни на рамковниот договор, има право без надомест да го раскине рамковниот договор. Корисникот е должен за раскинувањето писмено да ја извести банката најдоцна пред денот на почетокот на примена на предложените измени и дополни, со обврска за измирување на обврските спрема Банката до денот на гасење/затворање на платежната сметка. Корисникот има обврска на Банката веднаш писмено да и ја соопшти секоја промена којашто би можела да влијае на важноста на договорот. Доколку не го стори тоа, Банката може да еднострано го раскине договорот без отказен рок. Сите финансиски и други последици, настанати или кои можат да настанат заради неблаговремено известување за промените, паѓаат на товар на Корисникот.

- **Затворање на платежна сметка**

Банката не може да ја затвори сметката доколку на истата се евидентирани неизвршени налози и основи за наплата. Банката го задржува правото да го одбие барањето на Корисникот за затворање на сметката, доколку во моментот на поднесување на барањето, Корисникот има обврски спрема Банката по било кој основ.

Банката ја затвора сметката на Корисникот и без негово писмено барање доколку ;

- Корисникот е неактивен субјект чиешто бришење согласно со закон е објавено на вебстраницата на Централниот регистар на Република Северна Македонија, а врз основа на известување од Централниот регистар на Република Северна Македонија за избришани субјекти;
- Корисникот престане да постои како правен субјект врз основа на закон, судска одлука или по налог на надлежен орган;

- На сметката нема салдо и промени во последните две години и истата не е блокирана при штоБанката ќе го извести Корисникот во рок од најмалку два месеци пред затворање на сметката.

Банката го задржува правото да наплати надоместок за затворање на сметка на Корисникот, согласно Тарифникот на Банката, доколку Банката побарува раскинување на Рамковниот договор пред истекот на 6 месеци од денот на склучување, во висина од вистински направени трошоци. Банката ги пренесува средствата од сметката која е во процес на затворање, согласно инструкциите дадени од Корисникот. Банката може да го раскине Рамковниот договор доколку Корисникот работи во спротивност на законските одредби и прописи кои ги регулира Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам и истото може да го направи без известување и отказен рок. Корисникот има обврска на Банката веднаш писмено да и ја соопшти секоја промена којашто би можела да влијае на важноста на договорот. Доколку не го стори тоа, Банката може да еднострано го раскине договорот без отказен рок. Сите финансиски и други последици, настанати или кои можат да настанат заради неблаговремено известување за промените, паѓаат на товар на Корисникот.

- **Последици од раскинување на Рамковниот договор**

Раскинувањето на Рамковниот договор и затворањето на платежната сметка е без надоместок за Корисникот, освен ако Рамковниот договор е на сила во период пократок од шест месеци. Доколку Рамковниот договор е на сила во период пократок од шест месеци, надоместоците за раскинување на Рамковниот договор и затворањето на платежната сметка се во висина на вистински направените трошоци на Банката.
Во случај на раскинување на Рамковниот договор и затворање на платежната сметка согласно со кој надоместоците за платежните услуги од Корисникот се пресметуваат или наплатуваат на редовна основа, Банката ги наплатува надоместоците во висина која е сразмерна на периодот до раскинување на договорот.
Доколку Корисникот надоместоците за платежните услуги ги платил однапред, Банката ќе му врати на Корисникот дел од износот на платените надоместоци кој е сразмерен на периодот од денот на раскинување на договорот до последниот ден на периодот за кој надоместокот е платен.
Со преносот на паричните средства на евиденциската сметка со посебна намена не престанува правото на сопственост над паричните средства на Корисникот, вклучувајќи ги подобличите на правото на сопственост и другите права што произлегуваат од сопственоста.

- **Права на Банката**

Банката може да го раскине Рамковниот договор склучен на неопределено време со известување најмалку два месеци пред денот на раскинување на рамковниот договор. Банката е должна веднаш по истекот на рокот да го раскине договорот и да ја затвори платежната сметка, а доколку на платежната сметка има позитивно салдо да ги пренесе паричните средства на евиденциска сметка со посебна намена и не смее да пресметува и наплатува било какви надоместоци за одржување на евиденциската сметка.
Банката има право во секое време да го раскине Рамковниот договор без отказен рок, со писмено известување до Корисникот, доколку Корисникот прекршува било која одредба од Рамковниот договор и доколку не ги почитува применливите позитивни законски и подзаконски прописи. Корисникот и во двата претходно наведени случаи е должен во целост да ги подмири сите обврски кои произлегуваат од Рамковниот договор, настанати до денот на негово раскинување. Рамковниот договор престанува да произведува правно дејство со денот на затворање на сметката.